Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-260/4
22.04.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-837/1 од 1.12.2025 година, поднесена од страна на --------- од --------, со адреса на ---------, во име на нејзиниот малолетен син ---------, против ---------, за сторена дискриминација во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на образованието од страна на ООУ --------- кон ученикот ---------.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 1.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од --------- од -------- против ---------, наставничка во ООУ ---------, за заштита од дискриминација во областа на образованието, заверена во Комисијата под бр. 08-837/1.

Според наводите од претставката, станува збор за малолетниот 9-годишен син на подносителката, кој учи во ООУ --------- во населбата --------- во --------. Подносителката тврди дека неговата учителка --------- го дискриминира во врска со јавниот превоз од училиште до дома и обратно, односно не му дава потврда за користење на истиот, бидејќи патот од дома до училиште не бил во растојание поголемо од 2 километри, додека други деца, кои живеат на 1 километар од училиштето, го користат превозот. Истовремено наведува дека учителката се обратила на нејзиниот син и му кажала дека од училиштето излегле да го мерат патот и увиделе дека тој не е подолг од 2 километри.

Оттука, согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата испрати Известување бр. 08-260/1 за произнесување по наводите од претставката до ООУ ---------, со кое беше побаран и список на ученици кои користат превоз до училиште, заедно со нивни адреси на живеење, односно оддалеченост од училиштето.

Директорот на училиштето, ---------, достави известување по пат на електронска пошта, со кое тврди дека ученичкиот превоз е организиран и се изведува согласно член 73 од Законот за основно образование. Информира дека децата на подносителката на претставката не го исполнуваат условот за бесплатен превоз од причина што нивната адреса на живеење е со помала оддалеченост од законски пропишаната. Во прилог достави фотографија-принтскрин од Google Maps за растојанието помеѓу живеалиштето на подносителката на претставката и училишната зграда. Дополнително ги отфрла како неточни наводите дека превозот го користат ученици кои живеат на 1 километар од училиштето и наведува дека доколку дозволи такво нешто, тој би сносил одговорност за ненаменско трошење на средства од буџетот.

Понатаму беше доставено и Произнесување бр. 08-178/2 од 11.3.2026 година од страна на ООУ ---------.

Во своето произнесување од училиштето наведуваат дека превозот за сите ученици е организиран согласно член 73 од Законот за основно образование, според кој:
„(1) Ученикот има право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.
(2) Учениците со попреченост и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен пристапен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното училиште."

Наведуваат дека ученикот ---------, кој учи во четврто одделение во училишната зграда на ул. ---------, кај учителката ---------, а живее на ул. ---------, според мерењата на Google maps, има најблизок безбеден пат од местото на живеење до училиштето кој изнесува од 1.5 километри до 1.7 километри, што е помалку од 2 километри, па според тоа, доколку му биде одобрен бесплатен превоз, тоа ќе биде во спротивност со одредбите од член 73 став 1 од Законот за основно образование.

Истовремено, тие истакнуваат дека ученикот --------- е здрав ученик, кој нема никаква попреченост како би се исплаќал бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на неговото место на живеење до основното училиште, како што предвидува член 73 став 2 од Законот за основно образование.

Понатаму прецизираат дека ООУ --------- е училиште во кое наставата се одвива на три наставни јазици: македонски, албански и турски. Во централната зграда на ул. --------- наставата се одвива на македонски и турски јазик, а во училишната зграда на ул. --------- на македонски и албански јазик. Ученикот --------- следи настава на албански наставен јазик во училишната зграда на ул. --------- и од неговото место на живеење до училишната зграда нема најмалку 2 километри оддалеченост. Доколку, пак, хипотетички, има ученик кој следи настава на турски наставен јазик и живее на истата улица како и ученикот ---------, тогаш од неговото место на живеење до училишната зграда на ул. ---------, каде наставата се одвива на турски наставен јазик, оддалеченоста би била околу 2.5-2.7 километри и во тој случај би му следувал бесплатен превоз согласно член 73 од Законот за основно образование.

Во прилог на произнесувањето доставуваат фотографии-принт скрин од Google maps и склучени договори за превоз на ученици со три фирми, заедно со список на ученици со адреси на живеење кои користат превоз до двете училишни згради.

Според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, според кој директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

По разгледување на наводите изнесени во претставката, како и на доставеното произнесување од страна на ---------, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Синот на подносителката на претставката е ученик во четврто одделение во ООУ ---------, а наставата ја следи на албански наставен јазик во училишната зграда на ул. ---------. Оддалеченоста од неговото место на живеење до училиштето изнесува од 1.5-1.7 километри, што е помалку од 2 километри, поради што согласно член 73 став 1 од Законот за основно образование, не му следува бесплатен ученички превоз.

Оттука, Комисијата не утврди причинско-последична врска помеѓу било која дискриминаторска основа, односно заштитна карактеристика на подносителката или нејзиниот син и фактот што на него не му е обезбеден, односно не му следува бесплатен ученички превоз. Ова од причина што Законот за основното образование поставува јасен критериум за обезбедување на организиран или бесплатен превоз, а тоа е местото на живеење на ученикот да е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. Бидејќи во конкретниот случај тој критериум не е исполнет, на ученикот --------- не му е обезбеден превоз до училиште.

Дополнително, Комисијата не пронајде дека на други деца од истото училиште им бил обезбеден превоз спротивно на законската одредба, односно и покрај тоа што живеат на помала оддалеченост, со што не постои ниту понеповолен третман кон синот на подносителката во споредба со некој друг ученик во иста или слична ситуација.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk